# КУНДАЛИНИ: МАЈКА-МОЌТА

Шри Чинмој

Скопје, 2024

Наслов на оригиналот:
“Kundalini: the Mother-Power” by Sri Chinmoy
Copyright © 1974 by Sri Chinmoy

Сите права за ова издание се заштитени. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.

Издавач: Шри Чинмој-Мир-Служење Скопје
Наслов: „Кундалини: Мајка-Моќта“
Автор: Шри Чинмој

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

233-158-852.5Y

ЧИНМОЈ, Шри
Кундалини : Мајка-Моќта / Шри Чинмој ; - Скопје : Шри Чинмој-Мир-Служење, 2024. - 96, [12] стр. ; 20 см

Превод на делото: Kundalini: the Mother-Power / by Sri Chinmoy. - За авторот: стр. [99-100]

ISBN 978-608-4894-30-8

а) Кундалини јога -- Севишна божица -- Мајчински аспекти

COBISS.MK-ID 64095749

# Содржина


**Вовед на авторот**
**Мајчинскиот аспект на Божественото** 5

**Дел 1**
**Предавања, разговори, приказни** 8

**Кундалини Јога: Мајка-Моќта** 9

**Прана и моќта на чакрите** 13

**Концентрација, медитација,**
**моќ на волјата и љубов** 29

**Себеоткривање и преобразба** 41

**Приказни** 46

**Дел 2**
**Прашања и одговори** 60

**Песни** 94

ЗА АВТОРОТ 99

ДРУГИ КНИГИ ОД ШРИ ЧИНМОЈ 101

# Мајчинскиот аспект на Божественото

Бог ни е и Мајка и Татко; Тој е и машки и женски. Кундалини моќта е моќта на Севишната Божица, моќта на мајчинскиот аспект на Божественото. Понекогаш Мајката сака да си игра со нејзините деца кои сакаат да ја видат Моќта на нивната Мајка; или понекогаш за да ја види силата на Нејзините деца, Таа игра секакви игри. Потоа се спушта на ниво на Нејзините деца за да им покаже колку моќ и сила можат да имаат ако добро се однесуваат, ако се снаоѓаат добро. Децата се шармирани; тие се фасцинирани. Тие чувствуваат: „Мајка е толку силна; Мајка е толку моќна."

Мајката треба значително да се симне за да ја покаже Нејзината Кундалини Моќ. Таа покажува некои чуда, а децата сакаат да научат како да го прават тоа. Мајката вели: „Во ред, прво научете ја оваа игра." Потоа таа ја покажува Нејзината највисока Моќ, највисока Свест. Тогаш децата се занемени.

Тие велат: „Ох, Мајка е таква!“ Потоа почнуваат да практикуваат љубов, посветеност и предаденост. Кога ја гледаат Мајката во Нејзината највисока Форма, која е Нејзината вистинска Форма, тогаш тие чувствуваат дека тие Кундалини моќи се ништо. Тие се како да си играат со мали пламенчиња и огнови.

Кундалини моќта е моќ, вистина; но таа има огромен немир. Во најголем дел од времето, Кундалини моќта е како мајмун; нејзина особина е немирот. Но вистинската духовна моќ, Моќта на Севишната Мајка од највисоко ниво, не е немирна. Кога ја употребуваме духовната моќ и нудиме мир, тоа е вистински мир.

Дури и ако ги користиме Кундалини моќите за вистинска цел, нема да можеме да понудиме бесконечен Мир, бесконечно Блаженство, бесконечна Светлина на тој начин. Колку и да покажуваме чуда, тој што ги гледа ќе биде задоволен само пет минути, а потоа ќе биде љубоморен затоа што ја нема таа моќ. Потоа следниот пат кога нема да му ја покажеме моќта, станува лут и се сомнева. Ќе мисли дека имаме ограничен капацитет, дека само одвреме-навреме можеме да правиме чуда. Кундалини моќта може да направи секакви чуда; но кога се работи за подигнување на нечија свест, нема да може да ја подигне свеста ни еден инч. За тоа ни е потребна духовната моќ, моќ што доаѓа од Севишната Божица на Нејзиното највисоко ниво.

# Дел 1

# Предавања, разговори, приказни

*Шри Чинмој беше поканет од д-р Џејмс Карс, претседател на Одделот за религија на Универзитетот во Њујорк, да одржи серија предавања за Кундалини Јога на последователни средочни вечери почнувајќи од 14 февруари 1973 година. Шри Чинмој му понуди најголеми благослови на Нилаја (г-дин Дејвид Гершон) кој ги направи подготовките за тие серија предавања.*

# Кундалини Јога: Мајка-Моќта

Дали сакаме да го следиме патот на Кундалини Јога? Тогаш не смееме да спиеме. Не смееме да спиеме во светот на темнината и ноќта. Светот на темнината го ослабува нашиот внатрешен потенцијал. Светот на ноќта ги уништува нашите надворешни можности. Кога е ослабен нашиот внатрешен потенцијал, нашиот живот станува мизерен. Кога се уништени нашите надворешни можности, нашиот живот станува неподнослив. Каде може безбедно да расте нашиот внатрешен потенцијал? Нашиот внатрешен потенцијал безбедно може да расте само во срцето на Мајка-Моќта, Кундалини. Каде можат да бидат ефективни нашите надворешни можности? Нашите надворешни можности можат да бидат ефективни само кога сме крај стапалата на Мајка-Моќта, Кундалини.

Дали сакаме да го следиме патот на Кундалини Јога? Тогаш мораме да поседуваме нескршлива волја. Мораме да бидеме храбри во светот на незнаењето

и несвеста. Незнаењето нè присилува да бидеме беспомошни и бескорисни. Кога се чувствуваме бескорисно, Мајка-Моќта во нас се чувствува беспомошно. Кога се чувствуваме беспомошно, од Нејзината бесконечна Сомилост, Мајка-Моќта во нас неуморно нè охрабрува, инспирира и просветлува.

Дали сакаме да го следиме патот на Кундалини Јога? Тогаш мораме да сакаме. Мораме да ја сакаме Мајката во нас, да ја сакаме Мајката пред нас и да ја сакаме Мајката околу нас. Мајката во нас е душевна. Мајката пред нас е прекрасна. Мајката околу нас е моќна. Потребна ни е Мајката на Душата да ја игра Космичката Игра на Животот. Потребна ни е Мајката на Убавината да ја пее Космичката Песна на Животот. Потребна ни е Мајката на Моќта да го танцува Космичкиот Танц на Животот. Играта на животот нè енергизира. Песната на Животот нè просветлува. Танцот на Животот нè обесмртува. Нашата енергија е за светот да ја користи. Нашето просветлување е за светот да го слави. Нашата бесмртност е за светот да ја чува.

Дали сакаме да го следиме патот на Кундалини Јога? Тогаш на прво место во нашиот живот мора да биде Моќта, а на последно место во нашиот живот мора да биде Моќта. Кога божествената Моќ е наш прв избор, стравот нè напушта. Кога божествената Моќ е наш последен избор, сомнежот нè напушта. Кога стравот нè напушта, стануваме она што сакавме да бидеме - божествен воин. Кога сомнежот нè напушта, стануваме она што првично бевме - Универзалното Сопство.

Дали сакаме да го следиме патот на Кундалини Јога? Тогаш треба да почувствуваме дека секоја секунда од нашиот живот е важна како цела година. И треба да сфатиме дека секоја година е исполнета со толку можности колку што постојат секунди. Секоја секунда нè носи или кон реализација или кон фрустрација. Секоја година нè носи или кон трансцеденталната Вистина или кон лагата без дно.

Вистината ни кажува дека сме Божјо избрано дете. Бог ни е потребен нам за да го достигнеме Највисокото, а ние му требаме на Бог за да го манифестира Највисокото. Лагата ни кажува дека сме инструменти на смртта и дека очајно ѝ сме потребни на смртта. Трансцеденталната Вистина нè повикува. Лагата без дно нè плаши. Кога нè повикува трансцеденталната Вистина, чувствуваме деке не сме никој друг, освен Севишниот. Кога нè плаши лагата без дно, чувствуваме дека сме вечни робови на незнаењето, несвеста и смртта.

Дали сакаме да го следиме патот на Кундалини Јога? Тогаш потребна ни е чистота во мислата и чистота во дејствувањето. Со чиста мисла, ја градиме најсилната и најголема палата на љубов и исполнување. Со нечиста мисла, ја рушиме и уништуваме најсилната и најголема палата на љубов и исполнување. Чиста и божествена мисла се раѓа кога чувствуваме дека сме од Бог и за Бог. Нечиста, небожествена мисла се раѓа кога чувствуваме дека сме од непознатото незнаење и за познатото и непознато незнаење. Со чистото дејствување стануваме спасител на светот што тежнее. Со нечистото дејствување стануваме

уништувач на целиот свет.

Дали сакаме да го следиме патот на Кундалини Јога? Тогаш треба да знаеме дека нашата суштина е Блаженство-моќта на Небото, а нашето постоење е Мир-моќта за земјата. Со Блаженство-моќта започнуваме. Со Мир-моќта завршуваме.

*14 февруари 1973 година*

Извадок од „Кундалини: Мајка-Моќта“
www.knigi.mk